РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-32/8
28.02.2024 год.
Валандово

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.02.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2023 година

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2023 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- годишната сметка;
- извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;
- извештајот за користење на финансиските средства од постојната и тековната резерва и
- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

# СОДРЖИНА


1. Вовед
1.2. Основни општи податоци за Општина Валандово
1.2 Буџет и Одлука за извршување на Буџетот

2. Годишна сметка
2.1 Приходи на Општина Валандово
2.2 Расходи на Општина Валандово

3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

4. Извештај за користење на постојаната и тековната резерва

5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на Годишната сметка

# 1. Вовед
## 1.1. Основни општи податоци за Општина Валандово

Според податоците од последниот попис во Општина Валандово живеат 10.590 жители, од кои претежно македонци, а живеат и турци, срби и роми.

Општината се простира на површина од 331 км$^2$ и опфаќа 16 населени места.

Од Буџетот на Општината во втората фаза од децентрализацијата со средства од блок дотациите се финансира работата на пет (5) Буџетски корисници и тоа :

1. ООУ „ Јосип Броз Тито„ Валандово
2. ООУ „ Страшо Пинџур„ с. Јосифово
3. СОУ „ Гоце Делчев„ Валандово
4. ЈОУ Детска градинка „Калинка„ Валандово
5. ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај„ Валандово.

## 1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџет

Буџетот на Општина Валандово за 2023 година е донесен на седница на Советот на Општина Валандово на 26.12.2022 година. На истата седница е донесена и Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

Во текот на 2023 година од страна на Советот на Општина Валандово, донесени се две Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година – Ребаланси на 30.08.2023 година и на 31.10.2023 година.

Ребалансите се донесени поради зголемување на рамката на Основниот Буџет согласно законските процедури и Буџетот на дотации на Општина Валандово, со кој пренесените салда од предходните години се буџетирани и распоредени по сметки, како и усогласување на висината на дотациите според инструкциите и насоките добиени од Министерството за финансии.

.

# 2. Годишна сметка

## 2.1 Приходи на Општината

Буџетот на Општина Валандово за 2023 година се состои од :

- Основен Буџет
- Буџет на дотации
- Буџет на самофинансирачки активности
- Буџет на донации
- Буџет на кредити

**Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи**

| Сметки | Планирано | Реализирано | % |
|---|---|---|---|
| Основен Буџет | 114.530.000 | 115.571.497 | 100,91 |
| Дотации | 171.551.000 | 166.668.023 | 97,16 |
| Самофинансирачки активности | 10.802.000 | 6.557.975 | 60,71 |
| Донации | 10.972.000 | 5.750.859 | 52,42 |
| Кредити | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **307.855.000** | **294.548.354** | **95,68** |

а) Табеларен преглед на учеството на на реализираните приходи по сметки во вкупно реализираните приходи во Буџетот на Општина Валандово

| Сметки | Реализирани приходи | % |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 115.571.497 | 39,24 |
| Дотации | 166.668.023 | 56,59 |
| Самофинансирачки активности | 6.557.975 | 2,23 |
| Донации | 5.750.859 | 1,96 |
| Кредити | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **294.548.354** | **100** |

**На сметката на Основниот Буџет на Општина Валандово планирани и реализирани се следните приходи :**

| ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **71 Даночни приходи** | **32.890.000** | **33.193.591** | **100,93** |
| 711 Данок на доход од добивка | 3.350.000 | 4.069.793 | 121,50 |
| 713 Даноци на имот | 11.150.000 | 12.063.078 | 108,19 |
| 717Даноци на специфични услуги | 17.050.000 | 17.058.640 | 100,05 |
| 718 Такси за користење и дозволи за вршење на дејност | 1.340.000 | 2.080 | 0,16 |
| **72 Неданочни приходи** | **5.010.208** | **1.661.800** | **33,17** |
| 722 Такси и надоместоци | 510.000 | 256.460 | 50,29 |
| 723 Административни такси и надоместоци | 600.208 | 411.145 | 68,50 |
| 725 Други неданочни приходи | 3.900.000 | 994.195 | 25,50 |
| **73 Капитални приходи** | **21.343.000** | **6.300.450** | **29,52** |
| 731 Продажба на капитални средства | 13.593.000 | 181.671 | 1,34 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 7.750.000 | 6.118.779 | 78,96 |
| **74 Трансфери и донации** | **55.286.792** | **74.415.656** | **134,60** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власта | 55.286.792 | 74.415.656 | 134,60 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **114.530.000** | **115.571.497** | **100,91** |

Од приложеното произлегува дека вкупните приходи во Основен Буџет се реално планирани со реализација од 100,91%.

Најголемото отстапување од претходни години има во планирани и реализирани даночни приходи, по завршување на репроцената на општинскиот имот како процес и спроведување на даночна политика за наплаќање на побарувањата што ги води Општина Валандово.

Исто така во ставката 74- трансфери и донации согласно допис- Известување од Министерство за финансии се прикажани и средствата кои општината ги добила на наменски сметки трансферирани од Буџетот на РСМ за 2023 година кои изнесуваат 10.170.734 денари за Санација на кров и фасада на Културен центар во Валандово и 21.167.000 денари за Изградба на колектор, дел 1.

## 2.2. Расходи на Општината

Расходната страна на Буџетот на Општина Валандово, планирана е согласно законските прописи, програмското планирање како и потребите на Општина Валандово.

**Табеларен преглед на планираните и реализираните расходи по сметка**

| **Сметки** | **Планирано** | **Реализирано** | **%** |
|---|---|---|---|
| Основен Буџет | 114.530.000 | 84.233.763 | 73,55 |
| Дотации | 171.551.000 | 166.668.023 | 97,16 |
| Самофинансирачки активности | 10.802.000 | 6.289.043 | 58,23 |
| Донации | 10.972.000 | 5.750.859 | 52,42 |
| Кредити | 0 | 0 | |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **307.855.000** | **262.941.688** | **85,41** |

**а) Табеларен преглед на учество извршените расходи по сметки по вкупните расходи во Буџетот на Општина Валандово**

| **Сметки** | **Реализирани расходи** | **%** |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 84.233.763 | 32,04 |
| Дотации | 166.668.023 | 63,39 |
| Самофинансирачки активности | 6.289.043 | 2,40 |
| Донации | 5.750.859 | 2,19 |
| Кредити | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **262.941.688** | **100** |

## Табеларен преглед на планираните и реализираните расходи во Основен Буџет

| РАСХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **40 Плати, наемнини и надоместоци** | **20.552.000** | **18.487.486** | **89,96** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 12.215.000 | 11.004.126 | 90,09 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 4.737.000 | 4.144.297 | 87,49 |
| 404 Надоместоци | 3.600.000 | 3.339.063 | 92,76 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **450.000** | **206.667** | **45,93** |
| 412 Постојани резерви | 150.000 | 0 | 0,0 |
| 413 Тековни резерви | 300.000 | 206.667 | 68,89 |
| **42 Стоки и услуги** | **33.591.000** | **27.563.095** | **82,06** |
| 420 патни и дневни расходи | 420.000 | 389.568 | 92,76 |
| 421комунални услуги, греење комуникации и транспорт | 9.450.000 | 7.486.039 | 79,22 |
| 423 ситен инвентар и резервни материјали за поправка | 2.100.000 | 1.450.081 | 69,06 |
| 424 поправки и тековни оддржувања | 6.045.000 | 3.856.066 | 63,79 |
| 425 договорни услуги | 8.160.000 | 7.393.596 | 90,61 |
| 426 други тековни расходи | 816.000 | 548.592 | 67,23 |
| 427 привремени вработувања | 6.550.000 | 6.439.153 | 98,31 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **13.662.000** | **11.955.885** | **87,52** |
| 461 субвенции за јавни претпријатија | 180.000 | 165.000 | 91,67 |
| 463 трансфери за невладини организации | 2.396.000 | 2.094.170 | 87,41 |
| 464 разни трансфери | 11.086.000 | 9.696.715 | 87,47 |
| **47 Социјални бенифиции** | **800.000** | **567.564** | **70,95** |
| 471 Социјални надоместоци | 800.000 | 567.564 | 70,95 |
| **48 Капитални расходи** | **45.475.000** | **25.453.066** | **55,98** |
| 480 Купување на опрема и машини | 550.000 | 50.000 | 9,09 |
| 482 Други градежни објекти | 44.765.000 | 25.251.166 | 56,41 |
| 485 Други недефинирани средства | 160.000 | 151.900 | 94,94 |
| ВКУПНО | **114.530.000** | **84.233.763** | **73,55** |

Во вкупно реализираните расходи во Основниот Буџет, капиталните расходи учествуваат со 30,22 %, расходи за стоки и услуги со 32,73 %, расходи плати и надоместоци со 21,95 %, субвенции и трансфери со 14,20 %, социјални бенифиции со 0,68 % и резерви и недефинирани расходи со 0,25 %.

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2023 година изнесува **5.960.070** денари и претставува прилив во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.

На крајот на буџетската година салдото на сметките на Буџетот изнесува:

- Салдото на сметката на Основниот буџет изнесува 653.695 денари и се пренесува како прилив на Основниот Буџет за 2024 година.
- Салдото на Сметката на Дотации изнесува 2.061.537 денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Дотации за 2024 година.
- Салдото на Сметката на Самофинансирачки активности изнесува 1.007.554 денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Самофинансирачки активности за 2024 година.
- Салдото на Сметката на Донации изнесува 2.237.284 денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Донации за 2024 година.
- Салдото на Сметката на кредити изнесува 0 денари .

## 3. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

Во рамките на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година реализирани се следниве инвестициони програми :

1. Во Програмата ЈД – Изградба и реконструкција на локални улици и патишта . реализирани се средства во износ од **17.792.162 денари** :

   - **3.229.958 денари** – изградба на улица во населено место Балинци,
   - **5.711.923 денари** – уредување на патна инфраструктура во индустриска зона Раброво,
   - **728.649 денари** – санација на улица Лазар Колишевски во град Валандово**,**
   - **4.115.916 денари** – изградба на улица Едвард Кардељ во населено место Пирава,
   - **1.500.000 денари** – уредување на дел од Булевар Првомајска во град Валандово,
   - **2.199.537 денари –** санација на тротоари на улица Моша Пијаде во Валандово,
   - **151.900 денари** – надомест за одземен имот (експропријација),
   - **57.570 денари** – подготвување на проекти за улици и патишта,
   - **96.709 денари** – надзор над изградба на улици и патишта.

2. Во Програма ЈМ- Паркови и зеленило ( капитални расходи) реализирани се средства во износ **2.000.000 денари :**
   - изградба на парк-шума во Валандово – прва фаза.

3. Во Програма Ј6 – Одржување и заштита на локални улици и патишта, реализирани се средства во износ од **234.065 денари** за поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација.

4. Во Програма ФА - Уредување на градежно земјиште има реализација во износ од **182.225 денари за :**
   - Основен проект за изградба на капела на градските гробишта во Валандово и основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај на локален пат кој ги поврзува с.Јосифово со с. Горна мала.

5. Во Програма Ф1 – Урбанистичко планирање, реализирани се средства во износ од **1.424.186 денари** за делот кој го сервисира Општина Валандово за изработка на урбанистички планови за населени места Раброво и Калково.

6. Во програма ЛА- Спорт и рекреација ( капитални трошоци) реализирани се средства **4.129.999 денари** за реконструкција на фудбалско игралиште во населено место Пирава.

За исплата на платите на вработените и трошоците за тековно работење како и капитални расходи во програмите

- Н1 – Основно Образование
- Н2 - Средно Образование
- В1 – Детски Градинки
- К1, К2 и К3 – Култура
- ЃО - ППЗ

потрошени се средства од блок дотации во износ од 166.668.023 денари.

## 4. Извештај за користење на финансиските средства од постојаните тековните резерви

Средствата планирани во Буџетот за постојаната и тековната резерва во износ од 450.000 денари во 2023 година се искористени во износ од 206.667 денари.

## 5.Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка

Одговорниот сметководител потврдува дека Годишната сметка за 2023 година е изготвена во согласност со важечките законски прописи на државата и сите податоци искажани во Годишната сметка се веродостојни и точни.